Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

[redacted]

Архивски бр. 11-8433/5
Дата: 14.11.2013

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бр. 18
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

До: Кабинет на министерот
Министер, м-р Абдилаќим Адеми
- тука

Предмет: Достава на извештај од Комисијата за изработка на извештајот на соодветноста на Студијата за ОВЖС за изведба на проектот - Површинска експлоатација на минерална суровина – архитектонско-украсен камен на локалитетот “Сивец” во атарот на с.Присад во Општина Прилеп

Почитуван г-дин Министер,

Во прилог Ви го доставуваме извештајот на Комисијата за изработка на извештајот на соодветноста и образецот од извештајот за соодветноста на студијата за оцена на влијанието врз животната средина за изведба на проектот - Површинска експлоатација на минерална суровина – архитектонско-украсен камен на локалитетот “Сивец” во атарот на с.Присад во Општина Прилеп, за потребите на инвеститорот “МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ“ АД со седиште на ул. “Крушевски пат“ бб во Прилеп, изготвени од Комисијата за изработка на извештајот за соодветноста на студијата за оцена на влијанието врз животната средина на проектот - Површинска експлоатација на минерална суровина – архитектонско-украсен камен на локалитетот “Сивец” во атарот на с.Присад во Општина Прилеп.

Со почит,

Изготвил: м-р Зоран Бошев
Согласен: Александар Петковски

**УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА**
**ДИРЕКТОР**
**Игор Трајковски**

Прилог:

- Извештајот на комисијата;
- Образец од извештајот за соодветноста на студијата за оцена на влијанието врз животната средина за проектот - архитектонско-украсен камен на локалитетот “Сивец” во атарот на с.Присад во Општина Прилеп;

Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

Архивски бр. 11-8433/
Дата:

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бр. 18
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

До : Кабинет на министерот
Министер, м-р Абдилаќим Адеми
- тука

**Предмет:** Извештај за соодветноста на Студијата за оцена на влијанието врз животната средина за изведба на проектот - Површинска експлоатација на минерална суровина – архитектонско-украсен камен на локалитетот "Сивец" во атарот на с.Присад во Општина Прилеп

Почитуван г-дин Министер,

Врз основа на член 86 став 1 од Законот за животна средина ("Службен весник на Република Македонија" бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012 и 93/2013) и член 4 од Правилникот за формата, содржината, постапката и начинот за изработка на извештајот за соодветноста на Студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина ("Службен весник на Република Македонија" бр. 33/2006), Комисијата за изработка на извештајот за соодветноста на Студијата за оцена на влијанието врз животната средина за проектот - Површинска експлоатација на минерална суровина – архитектонско-украсен камен на локалитетот "Сивец" во атарот на с.Присад во Општина Прилеп, изготви

Република Македонија
**Министерство за животна средина
и просторно планирање**

# ИЗВЕШТАЈ

**за соодветноста на Студијата за оцена на влијанието врз животната средина за проектот - Површинска експлоатација на минерална суровина – архитектонско-украсен камен на локалитетот "Сивец" во атарот на с.Присад во Општина Прилеп**

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бр. 18
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

Комисијата за изработка на извештајот за соодветноста на Студијата за оцена на влијанието врз животната средина за изведба на проектот - Површинска експлоатација на минерална суровина – архитектонско-украсен камен на локалитетот "Сивец" во атарот на с.Присад во Општина Прилеп, врз основа на Студијата за оцена на влијанијата врз животната средина изработена од страна на консултантскиот тим на Градежен институт "МАКЕДОНИЈА" АД од Скопје, со назначено одговорно лице м-р Габриела Дуданова Лазаревска, за потребите на инвеститорот "МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ" АД со седиште на ул. "Крушевски пат" бб во Прилеп, оцени дека инвеститорот со проектот преставува површинска експлоатација на минерална суровина – архитектонско-украсен камен на локалитетот "Сивец" во атарот на с.Присад во Општина Прилеп. За откопување на минералната суровина потребно е да се изврши сукцесивно отварање и подготовка на сите девет експлоатациони етажи со изработка на поединечни усеци. Отварањето на експлоатационите етажи на усек и засек ќе се состои од три фази и тоа:
Прва фаза: Дупчење на коси мински дупнатини под агол од $75^0$;
Втора фаза: Минирање на минската серија и
Трета фаза: Товарење и транспорт на минираниот материјал.
Како алтернативи не се разгледувани други локации, затоа што фирмата "МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ" АД – Прилеп, предметната локација "Сивец" со веќе однапред определени координати ја има добиено од страна на Министерството за економија за која има потпишано договор за концесија за експлоатација со број 24-8234/1 од датум 10.10.2007 со Владата на Република Македонија. Површината на добиениот концесионен простор изнесува Р=1,90 $км^2$ (квадратни километри) и во зоната на концесискиот простор не се евидентирани заштитени подрачја ниту пак чувствителни области.
Во Студијата анализирани се можните влијанија во фаза на изградба и оперативна фаза како: геолошки аспекти, геоморфолошки аспекти, хидрогеолошки аспекти, биолошката разновидност (флора и фауна), пејсажните аспекти, културното наследство, бучава и вибрации, отпадот, воздух и социјални елементи на животната средина. Аналогно на анализираните

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бр. 18
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

можни влијанија врз животната средина, предвидени се мерки за намалување, спречување и ублажување на влијанијата во фаза на проектирање, изградба, оперативна фаза, престанок со работата на инсталацијата и непредвидени незгоди (хаварии) во точка 5 од Студијата за оцена на влијанието врз животната средина кои според наша оцена се соодветни и апликативни. Во Студијата за ОВЖС предложени се мерки за намалување на потенцијалните влијанија на проектот врз животната средина како и план за управување и мониторинг на животната средина.

2. Комисијата за изработка на извештајот за соодветноста на Студијата за оцена на влијанието врз животната средина на проектот - Површинска експлоатација на минерална суровина – архитектонско-украсен камен на локалитетот "Сивец" во атарот на с.Присад во Општина Прилеп, му предлага на Министерот за животна средина и просторно планирање да издаде решение со кое се дава согласност на барањето за спроведување на проектот - Површинска експлоатација на минерална суровина – архитектонско-украсен камен на локалитетот "Сивец" во атарот на с.Присад во Општина Прилеп, во согласност со предложените мерки за спречување и намалување на штетните влијанија врз животната средина.

Со почит,

Комисија:

Александар Петковски ______________;
м-р Зоран Бошев ______________;
Билјана Спироска ______________;
м-р Влатко Трпески ______________;
м-р Ана Каранфилова Мазневска ______________;
Назим Алити ______________;
Илбер Мирта ______________;

Прилог:

- Извештајот на комисијата;
- Образец од извештајот за соодветноста на студијата за оцена на влијанието врз животната средина за проектот - Површинска експлоатација на минерална суровина – архитектонско-украсен камен на локалитетот "Сивец" во атарот на с.Присад во Општина Прилеп;